МЕТАМОРФОЗИС

# ЗАКОНИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА

## Придржување до принципите за заштита на личните податоци



# ЗАКОНИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА

## Придржување до принципите за заштита на личните податоци

Издавач:

**Метаморфозис, Фондација за интернет и општество**
ул. Апостол Гусларот, бр.40, 1000 Скопје, Македонија
www.metamorphosis.org.mk
info@metamorphosis.org.mk
тел./факс: +389 2 3109 325

За издавачот:

**Бардил Јашари**

Истражувачки тим:

**Елена Стојановска – Главен истражувач**
**Бардил Јашари**
**Филип Стојановски**
**Гоце Арсовски**

Лектура:

**Лилјана Петрушевска**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

342.738:340.13(497.7)

ЗАКОНИТЕ во Македонија : придржување до принципите за заштита на личните податоци / [истражувачки тим Бардил Јашари ... и др.]. - Скопје : Метаморфозис, 2015. - 39 стр. : граф. прикази ; 21 см

Библиографија: стр. 39. - Содржи и: Прилози

ISBN 978-608-4564-61-4

а) Заштита на лични податоци - Правна рамка - Македонија
COBISS.MK-ID 100048394

# СОДРЖИНА


* Резиме 6
* Вовед 7
* Правна рамка за приватност 9
* Методологија на истражувањето 11
* Резултати од испитувањето на ставовите и мислењата на експерти 12
    Резултати од анкетата на експертите: 18
* Заштита на личните податоци 21
* Правна анализа на законите 22
    Методологија на правната анализа 22
    Резултати од правната анализа на законите 24
* Препораки од истражувањето 28
* Постапки за пријавување злоупотреба на лични податоци и повреда на правото на приватност 34
* Прилози 35
    Прилог 1: Анкетен лист за учесниците во интервјуата 35
    Прилог 2. Листа на анализираните закони по азбучен ред 37
    Користена литература 38

Приватноста е еден од поголемите предизвици со кои сме соочени како корисници на информатичките и на комуникациските технологии (ИКТ) во секојдневната комуникација и во работата. Со брзиот развој на ИКТ, драматично е променет начинот на кој личните информации се собираат, се чуваат, им се пристапува и се споделуваат. Без оглед на тоа за која област се работи, дали е тоа здравство, социјална заштита, банкарство или само при обична комуникација преку интернет, денеска огромно количество лични податоци се чуваат во дигитален формат, кој овозможува лесен и евтин пристап, снимање и дистрибуција. Но, затоа, драстично е зголемена и можноста да се загрози приватноста. Денес тоа можат да го направат поединци, приватни компании, но и владини институции и агенции.

За да се заштити приватноста на граѓаните, владите во целиот свет донесоа разновидни закони и политики. За жал, предложените законски решенија и политики многу често се неефикасни поради недостиг од јасно и универзално разбирање на самиот концепт на приватноста и уште понеефикасната имплементација. Многу често, во име на безбедност и на сигурност на граѓаните, владите го дерегулираат балансот помеѓу слободата и приватноста.

Овој проект е обид да се даде увид во тоа како во Македонија 35 закони од 12 области се придржуваат до општите принципи за приватност и за заштита на личните податоци и со тоа да придонесеме во нивното усогласување со принципите и со стандардите за приватност на Европската унија.

Во Фондацијата „Метаморфозис“, ние поддржуваме закони, корпоративни политики и технологија кои ја штитат приватноста на граѓаните, истовремено се залагаме за поголема законска контрола и надзор на владините институции што имаат овластувања да прислушуваат, за да се оневозможи злоупотребата на овие овластувања.

**Бардил Јашари,**

Директор,
Метаморфозис
– Фондација за интернет и општество

# РЕЗИМЕ

Целта на истражувањето на законските и на институционалните рамки во Република Македонија во однос на приватноста беше да се оценат состојбата и можностите што тие ги нудат за заштита на индивидуалната приватност на граѓаните, но и да се понуди референтна рамка и методологија по која во иднина би се спроведувале и други истражувања и проекти во оваа област.

Со идентификување на законите и на подзаконските акти што би можеле да влијаат на правото на приватност, особено на оние во кои е вклучено собирањето, обработката, трансферот и чувањето лични податоци, граѓаните кои не се правни експерти лесно и едноставно може да видат на кои сè начини и преку кои закони и институции нивната приватност би можела да биде загрозена.

Резултати од истражувањето

Експертите се едногласни дека заштитата на лични податоците и приватноста се еднакво важни како и подигнувањето на свеста меѓу граѓаните. Тие се сложуваат дека во Македонија, законската регулатива која гарантира заштита на лични податоци, вклучително и предвидени техничко-технолошки мерки, е на едно солидно ниво, меѓутоа проблемот го лоцираат во примената на законите.

Според мислењата на експертите, во Македонија состојбата со приватноста не е на завидно ниво, но, од друга страна, постојано се подобрува. Тие идентификуваа неколку начини и целни групи, на кои, според нив, најмногу треба да се работи оти состојбата со заштитата на приватноста и на личните податоци претставува општествен проблем, кој не смееме да го игнорираме.

Правната анализа на законите открива дека во добар дел од законите нема јасно и прецизно наведени рокови за чување на личните податоци на граѓаните. Исто така, во поголемиот број од законите што предвидуваат собирање лични податоци, не се предвидува и барање согласност од субјектите, но постојат и закони кои речиси не исполнуваат ниту еден критериум за заштита на приватноста и на личните податоци.

Правната анализа утврди дека, сепак, има и закони кои се добро уредени, кои ги почитуваат начелата на Законот за заштита на лични податоци, предвидуваат јасни рокови и цели на собирањето на личните податоци, односно кои ги исполнуваат критериумите на правната анализа, и се во согласност со препораките од Европска унија.

Производ од правната анализа се препораките и по области, но и препораки за секој закон посебно. Препораките укажуваат на одделни членови во законите кои е потребно да се променат или, пак, да се додадат членови кои недостигаат и, преку тоа, да се гарантира приватноста на граѓаните кога нивните лични податоци се собираат, чуваат, обработуваат и се пренесуваат во согласност со овие закони.

# ВОВЕД

Сѐ побрзиот подем на технологијата во животите на луѓето и нејзиното навлегување во сите интеракции на просечниот граѓанин, ја прави извонредно моќна алатка во развојот на културата на општествата.

Меѓутоа, кога ќе падне во погрешни раце, технологијата и нејзиното сеприсуство во животите на луѓето претставува опасно оружје, кое екстремно прецизно, со точно определени методи и техники, може да нѐ информира за целосната комуникација, географска местоположба, финансиска историја и сл., за одредена личност или групи од интерес.

Се разбира, ваквите можности што ни ги нуди технологијата, не се инертно опасни по квалитетот на живот на просечниот граѓанин, односно, вообичаеното искористување на таквата технологија се однесува на маркетиншки цели, кои, пак, може да се позитивно перцепирани од крајниот корисник – граѓанинот.

Меѓутоа, се наметнува прашањето – кој одлучува до каде и како точно технологијата користена во идентификување на нејзините корисници може да има пристап до тие информации во секое време? Дали просечниот корисник е свесен за трансферот на неговите лични податоци, како што се фотографии, финансиска историја, географска местоположба, која се врши на дневна база низ разни комуникациски канали помеѓу државни и приватни институции и корпорации?

Денес, повеќе од кога било порано, потребно е просечниот корисник да менаџира со своето виртуелно присуство – сѐ побрзиот развој на нови техники за идентификација (со притисок на едно копче, со краток поглед во леќите на камерата) воедно носи и сѐ поголем ризик за тие информации да се злоупотребат. Личната одговорност и информирањето за секој сервис одделно се круцијални во стапките за заштитување на својата приватност.

Од друга страна, покрај личната одговорност за менаџирање на своето виртуелно присуство и за давање лични податоци, многу корисни мерки за заштита претставуваат и законските регулативи на глобално и на национално ниво. Имено, правото на приватност и на приватен живот е глобално признаено човеково право и како такво подложи на задолжително прифаќање на сите држави потписнички на Декларацијата за човекови права.

Законите и подзаконските акти можат многу да направат во поглед на заштита на приватноста и на личните податоци на граѓаните, преку ограничување, надгледување, но и казнување на приватните компании и на институциите на државата што ги користат овие податоци во своето секојдневно работење. Оттаму, како што компаниите стануваат сѐ поиновативни во прибирањето, складирањето и во трансферот на личните податоци – така, со исто темпо, би требало да следат и регулативите кои ќе го штитат граѓанинот и неговото право на приватност во секој од чекорите на обработка на неговите податоци. Обврска на државите е создавање соодветна правна инфраструктура, која ќе ја штити приватноста на граѓаните, вклучително и од самите органи на власта.

Потребата од ентитет што ќе ги надгледува и ќе ги контролира големите компании и државни тела во нивната употреба на личните податоци на граѓаните е огромна. Ваква организација, тело или комисија, ќе ја има

можноста да предлага измени во регулативата, да предупредува за можни пробивања на приватноста, да казнува таму каде што постои злоупотреба на личните податоци и да спроведува соодветни мерки и техники за кревање на свеста на граѓаните за опасноста од злоупотреба на нивните лични податоци.

Во нашата држава, таков орган е Дирекцијата за заштита на лични податоци (ДЗЛП).

Истата е формирана во 2005 година, со донесувањето на Законот за заштита на лични податоци, што во голема мера придонесе за усогласување со светските и со европските текови во областа на човековите права, особено правото на приватност.

Подоцна, во 2008 година, се донесува и Законот за изменување и за дополнување на законот за заштита на лични податоци, со кој се промовираат про-европските чекори на Р.Македонија во усогласување на правната основа со онаа на земјите-членки на ЕУ. ДЗЛП е место каде граѓаните на Р.Македонија можат да се обратат доколку имаат причина да се сомневаат дека нивните лични податоци се злоупотребуваат, се чуваат подолго од планираното, се изменуваат, се неточни или, пак, се пренесуваат на трети лица – за што самиот граѓанин не дал експлицитна дозвола. ДЗЛП е должна да покрене истражна постапка – за оваа цел ДЗЛП има инспектори, кои се регулирани со закон и истите имаат законска обврска да истражат по технички и други мерки, дали навистина постои злоупотреба на такви податоци, за што не постои законска основа.

Во изминатите години, до ДЗЛП пристигаат повеќе пријави за можна злоупотреба на лични податоци од граѓаните (што може да се пронајде на нивната веб-страница) и за дел од нив, односно за оние пријави за кои има законска основа, се постапува понатаму. Меѓутоа, според квантитетот на пријавите, можеме да заклучиме дека свесноста за ова прашање е ниска помеѓу широката популација. Граѓаните не се запознаени со начините на складирање и на употреба на нивните лични податоци, кои толку лесно ги даваат на приватни компании. Воедно, не се запознаени ни со правните механизми на заштита од вакви нелегални прибирања на лични податоци и со можноста да се обратат до релевантните институции кои би им помогнале во случај на негативни последици настаните од објавувањето на тие податоци.

Затоа, целта на овој проект е и подигнување на јавната свест за правата и за законите со кои се заштитени нивните лични податоци – и каде да се обратат доколку се сомневаат дека нивните лични податоци се злоупотребувани.

# ПРАВНА РАМКА ЗА ПРИВАТНОСТ

Република Македонија има сопствена правна рамка која ги гарантира правото на приватност и заштитата на личните податоци. Во член 25 од Уставот на Република Македонија стои:

> ***„На секој граѓанин му се гарантира почитување и заштита на приватноста на неговиот личен и семеен живот, на достоинството и угледот.“***

Член 18, пак, вели :

> ***„Се гарантираат сигурноста и тајноста на личните податоци. На граѓаните им се гарантира заштита од повреда на личниот интегритет што произлегува од регистрирањето на информации за нив преку обработка на податоците.“***

Со Уставот е заштитена приватноста и слободата во комуницирањето. Член 17 гласи:

> ***„Се гарантира слободата и тајноста на писмата и на сите други облици на општење. Само врз основа на одлука на суд може да се отстапи од начелото на неповредливост на тајноста на писмата, ако е тоа неопходно за водење на кривична постапка или тоа го бараат интересите на одбраната на Републиката.“***

И конечно, Член 26 ја гарантира неповредливоста на домот:

> ***„Се гарантира неповредливоста на домот. Правото на неповредливост на домот може да биде ограничено единствено со судска одлука кога е во прашање откривање или спречување на кривични дела или заштита на здравјето на луѓето.“***

Освен законската рамка дадена во Уставот, во Република Македонија постојат и дополнителни закони и подзаконски акти што ја унапредуваат заштитата на личните податоци на граѓаните и нивната приватност.

Во Законот за заштита на личните податоци, донесен во 2005 година, се дефинираат начини на кои личните податоци на граѓаните се собираат, кога е дозволено нивно собирање и складирање, а кога не, се дефинираат категории на лични податоци по сензитивност, воедно и мерки за заштита на истите од недозволена обработка.

Генерално, личните податоци на граѓаните можат да се обработуваат само со искажана согласност, освен во случаи од голема важност за безбедноста на Република Македонија.

Понатаму, во законот се наведени и техничките мерки потребни за физичка безбедност на базите на податоци. Во периодот по иницијалното донесување на законот во 2005 година, подготвени се повеќе правилници кои дополнително ги прецизираат потребните технички мерки за одделни институции кои вршат собирање, складирање и/или обработка на лични податоци, што дополнително придонесува за безбедноста на податоците.

Во поновите правилници, најновиот достапен во моментов датира од март 2014 година, се наведени и лица-администратори на базите на податоци, кои имаат обврски пропишани со закон, како што е одржување на базите на податоци, обезбедување на технички мерки за физичка безбедност и заштита од надворешни влијанија на серверите на кои се чуваат податоците, одобрување и креирање пристап преку лозинки до вработените лица

што ги користат таквите податоци во секојдневното работење, повеќе нивоа на овластување итн.

Со последните правилници, како и подзаконските акти, забележуваме тренд на следење и на прецизирање на регулативата што се однесува на заштитата на личните податоци и правото на приватност со широко прифатените предлози на ЕУ и на глобалната сцена.

Освен гореспоменатите уставни и законски прописи кои промовираат приватност и заштита на личните податоци, постојат и низа други закони и подзаконски акти кои припаѓаат на одделни сектори (како, на пример, Законот за државна статистика и Законот за социјална заштита) кои дополнително го осигуруваат ова основно човеково право. Бидејќи органите како полицијата, агенцијата за вработување, пензиското осигурување итн., ги користат (прибираат, складираат, обработуваат) личните податоци во нивното секојдневно работење, потребно е во таквите инстанци дополнително прецизирање на начините на кои тие податоци ќе се користат, како и механизмите за заштита од злоупотребата.

Извештајот за напредокот на Македонија, објавен од Европската комисија на 8 октомври 2014 година, ги нотира следните состојби и потреби:

> ***„Дирекцијата за заштита на лични податоци, дополнително го зголеми бројот на извршени инспекции, од кои 60 отсто беа спроведени во приватниот сектор и 40 отсто во здравствениот сектор и во судството. Речиси кај половина од овие инспекции се потврдени прекршоци. Бројот на жалбите на Дирекцијата беше стабилен, 404 во 2013 година, од кои 62 отсто се поврзани со злоупотреба на податоци на социјални мрежи. Генерално, бројот на откриени и на потврдени прекршоци беше зголемен за речиси пет пати, од 56 во 2012 година до 254 во 2013 година, како резултат на проактивниот пристап на Дирекцијата. Активностите за подигнување на свеста на јавноста, исто така, продолжија, што резултираше со 30 проценти пораст на бројот на посетители на веб-страницата на Дирекцијата. Бројот на контролори и на службеници за заштита на податоците е зголемен и нивната обука е подобрена, но исто така четворица од персоналот си заминаа. Дирекцијата го достави својот прв извештај до Европравда за заштита на лични податоци во системот на јавното обвинителство. Законодавството за засегнатиот сектор, сè уште не е усогласено со законодавството за заштита на податоци и потребни се далеку поголеми напори за да се обезбеди дека Дирекцијата е систематски консултирана за сите нови политики и нацрт-закони. Заради целосно усогласување со acquis, потребно е и дополнително прилагодување на законодавството за заштита на податоци.“***

# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето предвидуваше две фази на прибирање податоци – првата фаза претставуваше спроведување на полу-структурирани интервјуа со експерти, додека втората фаза се состоеше од правна анализа на идентификуваните закони кои имаат потенцијал да го нарушат правото на приватност на граѓаните.

Во првата фаза, учесниците во интервјуата беа селектирани по неколку критериуми – нивното формално образование, нивното работно искуство во проблематика која задира во полето на приватност и заштита на лични податоци, како и секојдневната изложеност на голем број лични податоци од граѓани. Иако на самиот почеток беа испратени официјални покани до голем број државни институции (министерства) за номинирање претставник кој би учествувал, наидовме на слаб одзив за соработка – само една од вкупно осум државни институции се согласи да учествува во истражувањето, со номинирање свој претставник кој ги задоволуваше горенаведените критериуми.

Полу-структурираните интервјуа, како квалитативен метод, беа одбрани поради неколку причини: тие дозволуваат подлабоко разбирање на ставовите и на мислењата на експертите и наспроти други методи, на пример, фокус-група или стандардизирано интервју, полу-структурираните интервјуа даваат одредена доза на слобода во дискусијата, во однос на текот на разговор и на поставените прашања, но, уште поважно, во однос на „слободата“ на изразување кај учесниците.

Бидејќи темата на истражувањето е од сензитивна природа, користењето на фокус-групи или групни интервјуа би спречило одредени ставови на учесниците да „испливаат на површина“, поради самото присуство на други личности во процесот.

Се разбира, генерализирањето на наодите од полу-структурираните интервјуа е непотребно, бидејќи истите даваат слика единствено за ставовите и за мислењата на учесникот, иако во формулацијата на некои искази на учесниците се користат и описи за пошироката популација.

Дополнително, учесниците во интервјуата пополнуваа и анкетен лист, кој придонесе со дополнителен, пообјективен поглед врз нивните ставови и мислења, а воедно и дозволува поголема споредливост помеѓу ставовите на самите учесници во интервјуата од различните области.

Успешно се спроведоа осум интервјуа, со просечно времетраење од 25 минути. Бидејќи учесници дискутираа и споделуваа ставови на доста сензитивна тема, нивниот идентитет беше гарантиран дека ќе остане познат само на истражувачот, како не би имале реперкусии во приватниот и во професионалниот живот.

# РЕЗУЛТАТИ ОД ИСПИТУВАЊЕТО НА СТАВОВИТЕ И МИСЛЕЊАТА НА ЕКСПЕРТИ

**Карактеристики на интервјуираните експерти, по сектори**

- **2 од образование**
- **1 од граѓански сектор**
- **1 експерт за медиуми**
- **1 специјалист за работни односи**
- **1 раководител на јавно претпријатие**
- **1 од сектор телекомуникации**
- **1 од сектор осигурување**

**Интервјуата ги започнавме во втората половина на декември, 2014 година.** Подолу се **квалитативните анализи** од одговорите на експертите и, во прилог, анкетниот лист кој сите интервјуирани го пополнуваа пред почнувањето на самото интервју.

*** Колку е важно чувањето, обработката и трансферот на лични податоци на граѓаните за секојдневното работење на институцијата/организацијата на која Вие припаѓате?**

По првото прашање, сите интервјуирани експерти го делеа ставот дека **личните податоци** на граѓаните се од **суштинско значење** за секојдневното функционирање на институциите, односно, дека без обработка и чување на **личните** податоци – компаниите или институциите не би можеле да функционираат.

*** Колку Вашата институција/организација е запознаена со законската регулатива и правилници за заштита на личните податоци?**

За ова прашање речиси сите експерти се изјаснија дека нивните институции **се добро запознаени** со законската регулатива и со правилниците. Дел од експертите позитивно ја оценија работата на ДЗЛП во однос на редовните обуки и препораки што доаѓаат од нивна страна, а им помагаат во образувањето на нивните вработени за важноста од заштита на **лични податоци** и правото на приватност. Исто така, речиси сите експерти беа согласни дека **постои простор за подобрување** на ова поле, **особено** кај вработените, или секторите, кои, **1. Директно комуницираат** со клиенти/странки (и имаат на увид нивните лични податоци) и **2. Не се** дел од правниот или ИТ-секторот во нивната институција/компанија (за овие два сектора експертите сметаа дека се одлично запознаени со законската регулатива и со правилниците).

*** Според Вас, дали постои ризик од откривање на содржини во секојдневното работење на институцијата/организацијата кои би ја повредиле приватноста на граѓаните? Доколку постои, што сметате дека би можело да се направи за да се отстрани или да се намали тој ризик?**

По ова прашање, експертите беа едногласни: ризици секогаш постојат, меѓутоа тие се мали или незначителни и континуирано се работи на нивно санирање. Тоа се постигнува преку континуирана едукација на вработените, преку поставување високи стандарди за техничка безбедност на серверите и на базите на податоци каде се чуваат личните податоци, како и следење на развојот на технологијата и постојано дополнување на правилниците за работа. Експертите ги поделија ризиците во **две области** – технички ризици и ризици што произлегуваат од самите вработени.

На техничките ризици им даваат незначителна улога, односно, **се задоволни** од употребата на пософистицирани алатки и на безбедносни протоколи за кои се одговорни нивните ИТ-сектори, додека **најмногу простор за подобрување** сметаат дека има во делот на **едукацијата** на вработените, **особено нововработените лица**. Личниот однос на вработените (и граѓаните) кон правото на приватност и важноста од заштита на туѓите лични податоци е на многу ниско ниво. Со други зборови, **свеста кај граѓаните** за оваа проблематика е **многу ниска** и незастапена во широките кругови и од тоа произлегува најголемиот ризик за повредата на правото на приватност.

> ***Секогаш постои ризик и јас секогаш зборувам дека најбитна од сè е свеста на вработените. Тие податоци навистина претставуваат едно богатство на луѓето и токму поради тоа треба да се заштитат. Во таа насока одат и обуките – дека не се битни само техничките мерки што ги презема компанијата, кои се навистина на многу високо ниво, туку и организациските мерки се многу битни***

* **Како би ја оцениле целокупната клима во Вашата институција/организација во однос на потребата од приватност и од заштита на лични податоци?**

Експертите за ова прашање беа едногласни во ставот дека во сите институции и компании се внимава на личните податоци на граѓаните и на заштитата на нивната приватност. Дел од нив се изјаснија дека во одредени државни институции, сепак, **недоволно** се третира оваа проблематика, особено во институции поврзани со **јавното здравство**, и **не се внимава** премногу на туѓата приватност, меѓутоа, генерално, **постои** одредена **клима** помеѓу вработените во сите сектори **дека личните податоци се важни**, и дека правото на приватност на граѓаните **треба** да се почитува.

* **Како би ја оцениле свесноста на широката јавност во поглед на правото за приватност?**

- **Колку е важна потребата од подигнувањето на свесноста кај широката популација за нивното основно човеково право на приватност?**
- **Каде сметате дека постои најголем простор за подобрување?**

Речиси сите интервјуирани експерти по ова прашање беа согласни дека свесноста кај пошироката јавност е на **многу ниско ниво**. Просечниот граѓанин **многу малку е запознаен** со неговите права во однос на правото на приватност и на употребата на неговите лични податоци, како и со можните штети и последици од неа. Некои од експертите изразија и мислење дека граѓаните се запознаени со своите права, меѓутоа, **едноставно, не им придаваат значење** и свесно **дозволуваат** нивната приватност да биде нарушена.

**Сите** експерти се согласија дека е **многу важна** потребата од подигнување на **свесноста** на пошироката популација за овие основни концепти и некои од нив сметаа дека со континуирана **едукација**, особено во раната, училишна возраст и со домашното воспитување, можат наредните генерации да станат информирани и внимателни во нивните одлуки, кога ќе дојдат во ситуации каде правото на **приватност** е потенцијално загрозено. Еден учесник во интервјуто наведе пример како може да се дејствува систематски и плански на веќе вработените кадри (било во државни или приватни

*...Ако се дозволи масовно прибирање на лични податоци, неовластено, имаме проблем, заеднички. Немаме контрола врз тие податоци и каде сè тие можат да бидат пренесени, па и надвор од границите на Република Македонија. Има доста простор за подобрување во оваа насока...*

компании) – преку **систематизирана** и испланирана континуирана едукација на **работните места**, за која финансиски ќе си биде одговорна самата институција/компанија, ефектот од истата нема да застане во работната средина, туку ќе се „**прелее**“ и во домашната средина, **семејството**, бидејќи „...така како што ќе се однесуваат на работа, они таа култура ќе ја пренесат и дома.“ Потоа, мал е чекорот од домашната, до **општествената атмосфера** и култура.

По последната потточка, речиси сите експерти беа едногласни дека **најголем** простор за подобрување постои кај **младата популација**, тинејџерите и учениците во основните и во средните училишта. Со брзиот развој на технологијата и на мобилните уреди, многубројните апликации за истите, како и на **социјалните мрежи**, младите се изложени постојано на **ризик** нивните лични податоци да бидат изложени, употребени, пренесени и зачувани, на места и на начини за кои тие **не се** доволно информирани (иако, можеби, дале **претходна согласност**). Со согласувањето на условите на користење на апликациите и на социјалните мрежи, експертите сметаат дека тие **не се доволно запознаени** до кој степен одлучуваат да „**тргуваат**“ со нивната приватност и со личните податоци.

### * Дали Вие лично сте дошле во ситуација да Ви биде повредено правото на приватност? Доколку да, како сте постапиле?

Интервјуираните експерти беа **поделени** по ова прашање – речиси половината од нив изјавија дека **никогаш** не се почуствувале дека им било повредено **правото на приватност**, додека **другата половина** потврдија дека **речиси секојдневно** им се нарушува правото на приватност. Меѓутоа, групата која одговори потврдно, **случаите** на нарушување на приватноста **ги припиша на невнимателност** на вработените во одредени институции/компании, односно ги карактеризира повеќе **случајни** отколку со намера за нанесување штета. Поради ова, ниту еден од експертите кои изјавија дека им било повредено правото на приватност, **не одлучиле** да постапат во тие ситуации. Освен случајните грешки и непријатните ситуации, неколку експерти изјавија дека биле жртви на „спам“ (**spam**) од одредени приватни компании, преку СМС-пораки, **мејл**, телефонски повици итн., иако за тоа **не дале согласност**. За овие постапки **реагирале** соодветно и комуникацијата понатаму била прекината.

### * За кои сè институции/агенции/организации кои располагаат, ги користат и ги обработуваат Вашите лични податоци сте запознаени?

Горното прашање го користевме за да дадеме слика за тоа колкава е свесноста и кај самата експертска јавност, која на дневна база се занимава со оваа проблематика, за употребата и за чувањето на нивните лични податоци, во однос на јавноста. Во тој контекст, експертите, со исклучок на еден учесник, ја **потврдија** нашата претпоставка дека тие ќе бидат многу добро запознаени, кои сè институции/компании располагаат со нивните лични податоци. Со исклучок на еден учесник во интервјуата, кој успеа да наброи само три институции за кои е запознаен дека располагаат и ги употребуваат неговите лични податоци, другите експерти **набројуваа** повеќе

од 10 приватни компании и институции, кои во моментов располагаат и ги користат нивните лични податоци.

### * Како ја оценувате улогата на новите технологии во однос на правото на приватност на граѓаните??

Експертите беа согласни по **неколку** точки од ова прашање:

Го делеа ставот дека новите технологии носат **голем потенцијал** за нарушување на приватноста на нивните корисници;

Технологиите многу **побргу** навлегуваат во секојдневието на граѓанинот отколку што тој/таа е подготвен/а да **научи** за кратко време за **ризиците** поврзани со нивното користење;

Оттаму, потребата од постојана едукација и од **информирање** кога донесуваат **одлуки** во однос на техниката и технологијата која ја користат секојдневно станува особено важно прашање, и

Технологијата е само **алатка**, која може да послужи и за заштита на нечија приватност и лични податоци, колку што може и за нарушување на истата – **намерите на личноста** што ја користи технологијата остануваат еден од **најважните** фактори во определувањето на тоа дали новите технологии се позитивни или негативни во однос на приватноста на граѓаните.

### * Како ја оценувате улогата на интернетот, поточно социјалните мрежи, во однос на правото на приватност?

Експертите беа едногласни во ставот дека социјалните мрежи и интернет имаат незаменлива улога во денешното општество и во социјалното функционирање. Тие ги задоволуваат апетитите на многу граѓани за социјализирање и за проширување на контактите и за богатство од информации.

Сепак, експертите, исто така, изјавија дека најголемиот број случки од приватниот живот, контакти со пријатели и со познаници, каде постоело нарушување на нечие право на приватност и/или злоупотреба на лични податоци – доаѓаат токму од социјалните мрежи. Оттаму, согласни се дека користењето на социјалните мрежи е нож со две острици – постои голем ризик за повреда на правото на приватност, меѓутоа, тие исто така носат и големи добивки. Како причини за ова секојдневно нарушување на правото на приватност на социјалните мрежи, експертите ги наведуваат:

Недоволно информираните корисници за прифатените **услови за користење** и за нивните содржини;

Премногу **комплицираните упатства** за подесување на „нивото на приватност“ на информациите кои корисниците ги споделуваат, како и

**Недоволната информираност** за потенцијалните ризици и за можните последици од невнимателното користење на социјалните мрежи и содржините што таму ги објавуваат.

За последната потточка, еден од експертите изрази особена загриженост за недоволната информираност кај младата популација, односно учениците во основните и во средните училишта. Бидејќи голем дел од овие ученици секојдневно активно ги користат социјалните мрежи и интернетот, ризиците за повредата на нивната и на туѓата приватност се големи.

*Самите социјални мрежи се потребни, тие се моќни алатки за социјална активност, за задоволување на апетитите за социјализација на луѓето... меѓутоа тие се и нож со две острици бидејќи лесно може да се дојде до повреда на приватноста.*

*** Каде сметате дека треба да постојат исклучоци од ова основно право, односно, кога е подобро да се дозволи нарушување на приватноста и на употребата на лични податоци без експлицитна дозвола? Кои сè институции би го имале ова право?**

Експертите беа согласни дека треба да постојат исклучоци, односно да може да се наруши приватноста на граѓани или групи граѓани, меѓутоа:

Секој од тие исклучоци треба да е предвиден со закон;

Само некои институции да го имаат тоа право и, дополнително, одредени сектори во тие институции;

За секој случај на нарушување на нечија приватност да се суди одделно, односно да се проценува дали е навистина потребно, и

Најважен услов за воопшто да се размислува за надзор на нечии активности, телефонски повици, банкарски сметки итн., е да има **сериозни индикации** дека личноста или групата е инволвирана во акти кои се **против државната безбедност**. Доколку веќе постои кривична пријава и докажани криминални акти, исто така, не се почитува правото на приватност на виновникот, односно **привремено се суспендира**, како би можеле судските органи и јавниот обвинител да ги завршат своите **законски обврски**. Експертите, исто така, беа согласни дека институциите, како МВР, судовите, јавните обвинителства, УЈП и ургентните центри, би го имале ова пра во.

*** Како ја оценувате ситуацијата со приватноста и со заштита на лични податоци во Р.Македонија? Како ја оценувате истата во светот? (трендови)**

Поголемиот дел од експертите изјавија дека состојбата со приватноста и со заштитата на лични податоци е **со позитивен тренд**, и во нашата земја и во светот. Тие сметаат дека не можеме да се споредуваме со некои од поразвиените западноевропски земји, меѓутоа дека и во нашата земја се прават напори и **полека се подигнува свеста** за оваа проблематика помеѓу пошироката јавност. Во тој контекст, ја посочија работата на **ДЗЛП** како многу позитивен тренд, кој веќе дава резултати. Сите експерти, **вклучително** и тие што не се согласија дека постојат позитивни трендови кај нас и во светот, сметаат дека во **развиените демократски општества** постојат многу различни концепции за тоа што е приватност и за потребата од правото на приватност (вклучително и неговата заштита) и нив ги делат на **два** „главни“ блока – **западноевропски** земји, каде правото на приватност е многу уважено и се прават огромни **напори за заштита на приватноста** и заштита на лични податоци, и **САД и Канада**, каде, виртуелно, речиси и не постои правото на приватност, односно каде секојдневно се прекршува ова право и се **разменуваат, складираат и обработуваат** огромни количества лични податоци без согласност на граѓаните и на корисниците.

*Свесноста за приватноста мислам дека уште не постои, тргнувајќи од тоа дека е недефинирано меѓу широките народни маси, што значи приватност..*

Експертите ја поставуваат нашата држава – „некаде на **средината**“, односно, постои **голем** простор за подобрување, особено на

**свесноста** на пошироката популација за ова прашање, меѓутоа и кај нас постојат доста **позитивни примери**, како што е донесувањето на Законот за заштита на лични податоци, формирањето на **Дирекцијата** за заштита на лични податоци, постојаните ревизии на интерните **правилници за работа** на повеќето државни институции за да се запазат предложените мерки од ДЗЛП итн.

Дополнително, ставовите и мислењата на експертите беа забележани и пред самите интервјуа со користење на едноставна анкета. На следните страници визуелно се прикажани одговорите на експертите.

Анкетниот лист што го пополнуваа сите учесници пред интервјуата можете да го погледнете на крајот на ова издание во прилог.

> ***...Од една страна, немаме ефективна контрола на државните органи - никаква, на нивната обработка на лични податоци. Од друга страна, еден од начините тоа да се подобри е со таканаречено whistleblowing. Најдобрите провали, или случаи кога биле откривани злоупотреби на лични податоци, не се од тоа што дошла инспекцијата и фатила некого, туку се од луѓе што се однатре. Поединци, чија совест ги натерала...***

## Резултати од анкетата на експертите:

Учесници во анкетата беа експертите, со еден претставник од секој сектор, освен секторот образование, од кој имавме два учесника. Другите учесници припаѓаа на секторите: невладини организации, медиуми, работни односни, јавни претпријатија, телекомуникации и осигурување.

Во однос на првото прашање, експертите направија поделба според законите по кои дејствуваат одредените сектори. Половината од нив немаа одговор на прашањето – врз основа на кој закон е предвидено собирањето на личните податоци во вашиот сектор? Од наведените закони кои можеа да ги идентификуваат беа Законот за високото, средно и основно образование, како и Законот за супервизија во осигурувањето.

Со исклучок на двајца од анкетираните, другите беа запознаени со тоа - кои се формите на чување лични податоци кои се предвидени во секторите.

Со исклучок на еден анкетиран, кој се изјасни дека целта на прибирање не може јасно да се воочи во самиот текст на законот, другите одговорија потврдно, односно целта на прибирање јасно може да се воочи од текстот во самите закони.

Ставот на експертите за оправданоста на обемот на лични податоци кои се собираат беше дека истиот е соодветен, односно шест од вкупно осум анкетирани се изјаснија потврдно – обемот е соодветен на целта.

Со исклучок на еден од анкетираните, кој се изјасни дека други државни институции се задолжени за прибирањето податоци во неговиот сектор, другите сектори имаат капацитети и предвидени законски обврски да ги прибираат личните податоци.

Половина од експертите изјавија дека ги даваат на користење личните податоци, во согласност со законот, додека другата половина се изјасни дека личните податоци не се предаваат на користење на трети лица.

Поголемиот број сектори (пет од вкупно осум) предвидуваат барање согласност од субјектот за обработка на неговите лични податоци, меѓутоа само за одредени категории лични податоци.

**Графикон 1: Согласност за обработка**



Како најчеста цел за која се бара согласност и најчеста категорија, анкетираните ги наведоа: ЕМБГ, име и презиме, датум на раѓање, телефонски број, медицински белешки, адреса, трансакциска сметка, а како најчест повод за барање согласност наведоа – маркетинг-цели.

Половината од анкетираните изјавија дека не постојат јасни и конкретни рокови за чување на лични податоци во соодветните закони, односно во самиот текст на законот нема јасна определба, додека другата половина го тврдеше обратното.

На прашањето „*колкав е предвидениот период на чување лични податоци*“, имаа одговор само тројца од анкетираните, и тоа: почнувајќи од една година, потоа пет години и 10 години и неопределен рок (книги од трајна вредност), во зависност од податоците.

На прашањето „*дали постои посебен член за заштита на личните податоци кој јасно укажува на примена на технички и организациски мерки*“, анкетираните, исто така, беа поделени: 50 отсто од нив имаат донесено технички и организациски мерки, но во половината од секторите не се внесени новите технички и организациски мерки за заштита на личните податоци.

На прашањето „дали Вие имате донесено внатрешни акти за технички и организациски мерки за тајност и заштита на лични податоци“, со исклучок на еден од секторите, сите други имаат донесено дополнителни внатрешни акти, често во соработка со ДЗЛП.

„*Дали обработката на податоците е превидена во овој закон, или треба да е поврзана и применета со друг закон?*“ Двајца од анкетираните на ова прашање изјавија дека обработката на личните податоци не е предвидена во нивниот закон, па се применува според друг закон, додека за другите шестмина, во самиот закон јасно е наведена обработката на лични податоци

На прашањето „*дали постојат исклучоци за обработка на чувствителни лични податоци*“ (ЕМБГ, биометрија, видеонадзор), половина од анкетираните изјавија дека постојат такви исклучоци, додека тројца изјавија дека не се применуваат такви процедури во нивните сектори, односно не постојат категории на лични податоци што не се обработуваат.

**Графикон 2: Исклучоци при обработка**



Од секторите што прават исклучоци и ги категоризираат личните податоци по чувствителност, само мал број се запознати со дефинираните исклучоци, односно три од вкупно осум ги наведоа следниве категории на лични податоци кои не се обработуваат: ЕМБГ, медицински белешки, видеонадзор, а за еден од секторите изјавија дека поседуваат посебна база и регистар за чувствителни податоци, одделна од редовната база.

Половината од секторите немаа информации за достапноста на мислењата на ДЗЛП, додека двајца од анкетираните имаат информации дека ДЗЛП нема дадено мислење за тие закони и, дополнително, само двајца од анкетираните имаа информации дека мислењето на ДЗЛП е земено предвид за нивните закони.

# ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Заштитата на личните податоци е релативно нов правен концепт во Република Македонија, иако таа е загарантирана со Уставот од 1991 година. Правото на заштита на личните податоци е едно од основните човекови права, но сѐ уште е дискутабилно колку знаеме за ова наше право и дали знаеме да препознаеме кога нашата приватност е загрозена?

Претставата на луѓето за тоа што, всушност, значи приватноста е различна, но заедничко ни е дека сите сме свесни за потребата од заштита на нашата приватност.

Заштитата на личните податоци навлегува во сите сегменти на општественото дејствување, а тоа само укажува на фактот за колку комплексна материја станува збор. Големиот обем податоци што секојдневно ги откриваме на различни места и за различни потреби, наметнува и многу прашања околу тоа што, всушност, се случува со нашите лични податоци.

Каде треба да го дадеме нашиот матичен број и за која цел го даваме? Дали работодавецот треба да чува фотокопија од нашата лична карта и дали смееме да бидеме надгледувани на работното место? На кој начин една здравствена установа треба да ги заштити нашите медицински податоци од злоупотреба? Дали е во ред да си го видиме името на список на станари кои не платиле за одржување на зградата? На колкав период треба да пополнуваме формулари со наши податоци во банките? Треба ли да дадеме копија од лична карта за да смениме 10 евра? Што снимаат камерите поставени на крстосниците и кој ги поседува тие снимки и фотографии?

Ова се само дел од прашањата што неизбежно си ги поставуваме сѐ почесто, но кои се одговорите?

Според Законот за заштита на личните податоци, нашите лични податоци треба да бидат обработувани правично и во согласност со закон и да бидат соодветни, релевантни и не премногу обемни во однос на целите заради кои се собираат и се обработуваат. Правата кои овој закон ги гарантира се: право да се информираме за која цел одредената институција или компанија ги собира и ги обработува нашите лични податоци, право да пристапиме до личните податоци кои институцијата или компанијата ги обработува за нас, право да побараме исправка или бришење на податоците кои се погрешни, премногу обемни или податоци за кои рокот за чување е истечен, право да се согласиме или не да ни се врши директен маркетинг.

Секако, право на секој од нас е и да се обратиме до секоја институција или компанија и да се информираме за тоа на кој начин ја гарантираат тајноста и заштитата на нашите лични податоци.

# ПРАВНА АНАЛИЗА НА ЗАКОНИТЕ

## Методологија на правната анализа

За потребите за подготвување на правната анализа за усогласеност на одделни закони со Законот за заштита на личните податоци беа дефинирани четири фази:

1. Дефинирање на области на примена на Законот за заштита на личните податоци;
2. Дефинирање на законите кои се применуваат во дефинираните области;
3. Утврдување на методологија на истражувањето;
4. Анализа на одговорите на прашањата утврдени во методологијата;

### Дефинирање на области на примена на Законот за заштита на личните податоци

Дефинирањето на областите каде примената на Законот за заштита на личните податоци е од особено значење за граѓаните беше направено врз основа на анализа на најчестите прашања што граѓаните ги упатиле до ДЗЛП во периодот јуни 2011 – септември 2014 година. Во анализата задолжително беа вклучени и одговорите што граѓаните ги добиле од ДЗЛП, кои претставуваат своевиден показател на состојбите во секоја област одделно.

По направената анализа на прашањата од граѓаните и на одговорите од ДЗЛП, дефинирани беа 12 области за анализа и тоа: осигурување, телекомуникации, судство и безбедност, банкарство, здравство, медиуми, работни односи, образование, домување, социјални прашања, дејствување на јавни претпријатија.

### Дефинирање на законите кои се применуваат во дефинираните области

По дефинирањето на областите каде примената на Законот за заштита на личните податоци е од особено значење за граѓаните, беше направено детектирање на законите кои се применуваат во секоја од наведените области. Беа детектирани вкупно 35 закони, по што беше креирана база на текстовите на сите закони..

### Утврдување на методологија на истражувањето

Во првичното поставување на методологијата за вршење на правната анализа, беше потребно дефинирање на прашања на кои правната анализа треба да одговори.

Како основа за дефинирање на прашањата за анализа беа земени начелата за заштита на личните податоци во согласност со кои личните податоци се обработуваат правично и во согласност со закон, се собираат за конкретни, јасни и со закон утврдени цели и се обработуваат на начин што е во согласност со тие цели, соодветни, релевантни и не премногу обемни во однос на целите заради кои се собираат и се обработуваат, точни,

целосни и каде што е потребно ажурирани и чувани во форма што овозможува идентификација на субјектот на лични податоци, не подолго од што е потребно да се исполнат целите поради кои податоците се собрани.

Оттука, дефинирани беа 11 прашања врз основа на кои се изврши анализата на 35-те закони од 12-те области.

1. Дали законот предвидува собирање на лични податоци и во која форма? (евиденција, регистар, база);
2. За која цел е предвидено собирањето на личните податоци и дали целта е јасна?;
3. Дали обемот на податоци кои се обработуваат одговара на целта?;
4. Кој првично ги собира податоците? (компанија, институција);
5. Дали за некоја категорија на лични податоци е предвидена согласност од субјектот за нивна обработка?;
6. Дали се предвидени јасни и конкретни рокови на чување на личните податоци?;
7. Дали постои посебен член за заштита на личните податоци кој јасно укажува на примена на технички и на организациски мерки?;
8. Дали обработката на податоците предвидена во овој закон е или треба да е поврзана и со примена на друг закон?;
9. Дали постојат исклучоци за обработка на чувствителни лични податоци? (ЕМБГ, биометрија, видеонадзор);
10. Дали ДЗЛП има дадено мислење по однос на законот?;
11. Дали мислењето на ДЗЛП е земено предвид?;

### Анализа на одговорите на прашањата утврдени во методологијата

Резултатите од анализата на одговорите на прашањата утврдени со методологијата се претставени на два начини:

1. Одговорите на прашањата како факти, односно потврда или негација за тоа дали начелата за заштита на личните податоци се испочитувани и
2. Образложение на уреденоста на материјата за заштита на личните податоци и насоки и предлози за целосно усогласување на одделните закони со Законот за заштита на личните податоци

До моментот на подготвување на извештајот, мислењата дадени од ДЗЛП за усогласеноста на законите со Законот за заштита на личните податоци не беа доставени, па тие не се вклучени во правната анализа.

# Резултати од правната анализа на законите

| Закон | Уредување на материјата | Цел | Обем | Согласност | Рок на чување | Технички и организациски мерки | Поврзаност со други правни прописи | Исклучоци |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Назив на закон и број на Службен весник (последна измена или дополнување)** | **Дали законот предвидува собирање на лични податоци и во која форма (евиденција, регистар, база)** | **За која цел е предвидено собирањето на личните податоци и дали целта е јасна?** | **Дали обемот на податоци кои се обработуваат одговара на целта?** | **Дали за некоја категорија на лични податоци е предвидена согласност од субјектот за нивна обработка?** | **Дали се предвидени јасни и конкретни рокови на чување на личните податоци?** | **Дали постои посебен член за заштита на личните податоци кој јасно укажува на примена на технички и организациски мерки?** | **Дали обработката на податоците предвидена во овој закон е или треба да е поврзана и со примена на друг закон?** | **Дали постојат исклучоци за обработка на чувствителни лични податоци? (ЕМБГ, биометрија, видео надзор)** |
| Закон за супервизија во осигурувањето | ✔ | ✔ | ✓ | ⊗ | ✔ | ✖ | ✔ | ✔ |
| Закон за задолжително осигурување во сообраќајот | ✔ | ✔ | ⊗ | ⊗ | ✓ | ✖ | ✔ | ✔ |
| Закон за пензиското и инвалидското осигурување | ✔ | ✔ | ✔ | ✖ | ✓ | ✖ | ✔ | ✔ |
| Закон за здравствено осигурување | ✔ | ✔ | ✓ | ✖ | ✖ | ✔ | ✔ | ✔ |
| Закон за евиденциите од областа на здравството | ✔ | ✔ | ✔ | ✔ | ✔ | ✓ | ✔ | ✔ |
| Закон за здравствена заштита | ✔ | ✔ | ✔ | ✖ | ✔ | ✓ | ✔ | ✔ |
| Закон за заштита на правата на пациентите | ✔ | ✔ | ✔ | ✔ | ⊗ | ⊗ | ✔ | ✔ |
| Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата | ✔ | ✔ | ⊗ | ✖ | ⊗ | ✖ | ✔ | ✔ |
| Закон за безбедност и здравје при работа | ✔ | ✔ | ✓ | ✖ | ✖ | ✖ | ✔ | ✔ |
| Закон за работните односи | ✔ | ✔ | ✔ | ✖ | ✔ | ✓ | ✔ | ✔ |
| Закон за евиденциите од областа на трудот | ✔ | ✔ | ✓ | ⊗ | ✓ | ✓ | ✔ | ✔ |
| Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност | ✔ | ✔ | ✓ | ✔ | ✔ | ✓ | ✔ | ✔ |
| Закон за задолжително капитално пензиско осигурување | ✔ | ✔ | ✔ | ✖ | ✔ | ✖ | ✔ | ✔ |
| Закон за државните службеници | ✔ | ✖ | ✖ | ✖ | ✖ | ✖ | ✔ | ⊗ |
| Закон за јавните службеници | ✔ | ✖ | ✖ | ✖ | ✖ | ✖ | ✔ | ⊗ |
| Закон за домување | ✔ | ✔ | ✓ | ✔ | ✓ | ✖ | ✔ | ✔ |
| Закон за катастар на недвижности | ✔ | ✔ | ✓ | ✖ | ✖ | ✔ | ✔ | ✔ |
| Закон за матичната евиденција | ✔ | ✔ | ✔ | ✖ | ✖ | ✖ | ✔ | ✔ |

| Закон | Уредување на материјата | Цел | Обем | Согласност | Рок на чување | Технички и организациски мерки | Поврзаност со други правни прописи | Исклучоци |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Назив на закон и број на Службен весник (последна измена или дополнување)** | **Дали законот предвидува собирање на лични податоци и во која форма (евиденција, регистар, база)** | **За која цел е предвидено собирањето на личните податоци и дали целта е јасна?** | **Дали обемот на податоци кои се обработуваат одговара на целта?** | **Дали за некоја категорија на лични податоци е предвидена согласност од субјектот за нивна обработка?** | **Дали се предвидени јасни и конкретни рокови на чување на личните податоци?** | **Дали постои посебен член за заштита на личните податоци кој јасно укажува на примена на технички и организациски мерки?** | **Дали обработката на податоците предвидена во овој закон е или треба да е поврзана и со примена на друг закон?** | **Дали постојат исклучоци за обработка на чувствителни лични податоци? (ЕМБГ, биометрија, видео надзор)** |
| Закон за основно образование | ✔ | ✔ | ✔ | ✖ | ✓ | ✔ | ✔ | ✔ |
| Закон за средно образование | ✔ | ✔ | ✔ | ✖ | ✖ | ✖ | ✔ | ✔ |
| Закон за високо образование | ✔ | ✔ | ✔ | ✖ | ✓ | ✓ | ✔ | ✔ |
| Закон за образование на возрасни | ✔ | ✔ | ✖ | ✖ | ✖ | ✖ | ✖ | ✖ |
| Закон за Посебен Регистар за лица осудени за кривични дела за сексуална злоупотреба на малолетни лица и педофилија | ✔ | ✓ | ✔ | ✖ | ✖ | ✖ | ✔ | ✔ |
| Закон за социјалната заштита | ✔ | ✔ | ✔ | ✖ | ✖ | ✔ | ✔ | ✔ |
| Закон за игрите на среќа и забавните игри | ✔ | ✔ | ✔ | ✖ | ✖ | ✖ | ✔ | ✖ |
| Закон за енергетика | ✔ | ✔ | ✔ | ✖ | ✔ | ⊗ | ✔ | ✔ |
| Закон за управување со движењето на предметите во судовите | ✔ | ✔ | ✔ | ✖ | ✔ | ✔ | ✔ | ✔ |
| Закон за извршување | ✔ | ✔ | ✔ | ✖ | ✖ | ✔ | ✔ | ✔ |
| Закон за парничната постапка | ✔ | ✔ | ✓ | ✖ | ✔ | ✖ | ✖ | ✔ |
| Закон за платен промет | ✔ | ✔ | ⊗ | ✖ | ✔ | ✖ | ✖ | ⊗ |
| Закон за медиуми | ✖ | ✖ | ✖ | ⊗ | ✖ | ⊗ | ✖ | ✖ |
| Закон за даночната постапка | ✔ | ✔ | ✖ | ✖ | ✖ | ✓ | ✔ | ✔ |
| Закон за спречување перење на пари и финансирање тероризам | ✔ | ✔ | ✔ | ✔ | ✔ | ✔ | ✔ | ✔ |
| Закон за банките | ✔ | ✔ | ✖ | ✖ | ✖ | ⊗ | ✔ | ✔ |
| Закон за електронските комуникации | ✔ | ✔ | ✔ | ✔ | ✔ | ✔ | ✔ | ✔ |

✔ Целосно ги исполнува критериумите на анализата

✓ Генерално ги исполнува критериумите на анализата, но со забелешки (види Препораки за законот)

✖ Не ги исполнува критериумите на анализата

⊗ Не ги исполнува критериумите на анализата иако во одреден дел тие се исполнети

## Графички приказ на резултатите од правната анализа на 35-те анализирани закони:

### Обем

**Дали обемот на податоци кои се обработуваат одговара на целта?**




Обемот, односно опсегот на лични податоци кои се прибираат во најголема мера е соодветен.

### Контролор

**Кој првично ги собира податоците? (компанија, институција)**




Како најчест контролор се јавуваат здравствените институции, потоа Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, ФЗОМ, работодавецот и Агенцијата за вработување на Република Македонија.

## Согласност

**Дали за некоја категорија на лични податоци е предвидена согласност од субјектот за нивна обработка**




Во мал број на законите кои беа испитани е предвидено барањето согласност од субјектите.

## Технички и организациски мерки

**Дали постои посебен член за заштита на личните податоци кој јасно укажува на примена на технички и на организациски мерки?**




Овој член не е имплементиран во повеќе од половината анализирани закони.

# ПРЕПОРАКИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

## Препораки по области

При подготовката на правната анализа на законите, наидовме на типични недостатоци во поглед на заштитата на лични податоци според областа на која припаѓаа одредените закони. Следно, покрај препораките за секој одделен закон што беше предмет на анализа, ги издвојуваме и следниве препораки по области:

### 1. ОСИГУРУВАЊЕ

Во областа на осигурувањето, потребно е прецизно дефинирање на категориите на лични податоци на осигурениците што се собираат – од внесувањето на ЕМБГ во Законот за супервизија на осигурувањето - сѐ до внесувањето на здравствените лични податоци собрани за електронската здравствена картичка во Законот за здравственото осигурување. Прецизно дефинирање на категориите на лични податоци, исто така, треба да биде направено и во Законот за задолжително осигурување во сообраќајот, Законот за пензиско и инвалидско осигурување и во Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување.

Обврската за носење акти и за примена на технички и на организациски мерки за заштита на личните податоци во законите од областа на осигурувањето е потребна не само заради внатрешното уредување на работењето на контролорите, туку и заради склучувањето договори со корисниците, преземањето на податоците од други субјекти и водењето евиденции за овие обработки.

Роковите на чување на личните податоци во законите од областа на осигурувањето не се прецизно утврдени за сите евиденции. Некаде стои формулацијата „најкусиот период на чување“, што не е во согласност со ЗЗЛП, бидејќи рокот треба да биде прецизно утврден.

### 2. ЗДРАВСТВО

Од анализата на Законот за евиденциите од областа на здравството, Законот за здравствена заштита и на Законот за заштита на правата на пациентите, може да се заклучи дека врз водењето, чувањето, собирањето и врз располагањето со медицинската документација се применуваат одредбите од прописите од областа на евиденциите од областа на здравството, заштитата на правата на пациентите и заштитата на личните податоци. Ако се види како оваа одредба се применува во практика, потребно е секоја здравствена установа да донесе и да применува технички и организациски мерки за тајност и за заштита на личните податоци.

Роковите на чување на личните податоци во законите од областа на здравството не се прецизно утврдени за сите евиденции. Потребно е да се прецизираат роковите на чување на личните податоци.

## 3. РАБОТНИ ОДНОСИ

Во согласност со Законот за безбедност и здравје при работа, Законот за работните односи, Законот за евиденциите во областа на трудот и со Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, личните податоци што се обработуваат се соодветни на целта заради која се првично собрани. Категориите на лични податоци се детално утврдени за секоја евиденција одделно, но, сепак, практиката укажува на собирање фотокопија од лична карта кај повеќе евиденции од наведените, а не е предвидена со овој закон, што не е во согласнот со начелата за заштита на личните податоци.

Одредени дополнувања и прецизирања треба да се направат во Законот за безбедност и здравје при работа во делот на дефинирање на начинот на достава на извештаите од здравствените установи до работодавецот. Практиката укажува на случаи во кои генералниот извештај не е одделен од резултатите од извршениот преглед.

Во делот на дефинирање и на примена на технички и на организациски мерки за тајност и за заштита на личните податоци, потребно е јасно утврдување на обврската на работодавецот за носење правилници за заштита на личните податоци на вработените и на другите засегнати субјекти на лични податоци.

Иако дел од податоците за контакт на вработените што се собираат можат да се оставаат по избор, како, на пример, етничката припадност која треба да биде податок кој вработениот ќе избере дали ќе го дава, законот не предвидува согласност на субјектот во ниту еден момент. Потребно е согласноста на вработениот да биде предвидена.

Евиденциите за вработените лица и евиденциите за плати се чуваат трајно, но за другите евиденции што содржат лични податоци потребно е поврзување со законот за архивско работење.

## 4. ДОМУВАЊЕ

Обемот на личните податоци што се обработуваат во согласност со Законот за домување е соодветен со целта, но практиката укажува на објавување поголем обем на податоци на огласните табли во зградите – во Законот за домување не постои одредба која предвидува објавување на список на станари со име и со презиме кои не платиле тековно одржување, а со самото тоа оваа обработка се смета за премногу обемна во однос на целта што треба да се постигне.

Рок на чување на податоците е предвиден само за видеонадзорот – 30 дена. Потребно е да се прецизираат и роковите на чување на другите лични податоци.

Иако е предвидено усогласување со Законот за заштита на личните податоци, нема член кој укажува на обврската на заедницата на станари за внатрешно уредување на техничките и на организациските мерки за заштита на личните податоци.

Во однос на Законот за катастар на недвижности, потребно е прецизно утврдување на категориите на податоци кои се собираат во ГКИС.

Роковите за чување на собраните лични податоци мора да бидат точно дефинирани.

## 5. ОБРАЗОВАНИЕ

Во согласност со Законот за основното образование, Законот за средното образование, Законот за високото образование и со Законот за образование на возрасните, согласноста на субјектите на лични податоци не е предвидена за личните податоци кои не се наведени во категориите на податоци, а кои во практика се собираат, односно софтверот (ЕМИС) ги содржи (здравствени податоци, крвна група, ЕМБГ на родител). Согласноста за обработката на овие податоци треба да биде предвидена, а исто така и софтверските можности за нивна достапност.

Одредбата со која се дефинира дека средното училиште собира, обработува, чува, испраќа и користи податоци содржани во збирките на податоци во согласност со прописите за заштита на личните податоци, за потребите на интегрираната база на податоци која ја води Министерството, не е јасна во делот на испраќањето на податоците. Треба да се дефинира каде може да бидат испратени податоците и под кои услови.

За сите наведени закони потребно е дефинирање на сите рокови на чување на личните податоци и вметнување на член за начинот на заштита на личните податоци како што е уредено во Законот за основното образование.

Во законот за образование на возрасни не се дефинирани категориите на лични податоци кои ќе се обработуваат за субјектите. Иако е предвидено водење документација и евиденција, категориите не се предвидени. Единствено на што еден член од законот укажува е дека содржината и формата на документацијата и евиденцијата на предлог на Центарот ги пропишува министерот, што не е во согласност со начелата за заштита на личните податоци.

## 6. СОЦИЈАЛНИ ПРАШАЊА

Од анализата на Законот за посебен регистар за лица осудени за кривични дела за сексуална злоупотреба на малолетни лица и за педофилија, произлегува дека целта на обработката на личните податоци е обезбедување заштита на децата од сексуална злоупотреба, педофилија и од трговија со малолетни лица преку достапност на информации за лицата што живеат во нивната околина, а кои се осудени за такви кривични дела.

Вака поставената цел не е во согласност со начелата на заштита на личните податоци од аспект на достапноста на информациите. Практиката во државите каде има ваков регистар е достапноста до него да биде ограничена, односно пристап до регистрите имаат градинки, училишта, домови за деца, интернати.

Обемот на податоци содржани во регистарот би бил соодветен доколку пристапот е ограничен. Во овој случај, кога регистарот е јавно достапен, потребно е намалување на обемот на лични податоци (иницијали, година на раѓање, улица на живеење).

Она што е во спротивност со начелата за заштита на личните податоци е што изземањето од јавниот регистер е на барање на лицето. Контролорот треба да ги изземе податоците по истекот на рокот, без разлика на тоа дали лицето побарало или не.

Во врска со Законот за социјална заштита, потребно е да се вметне член со кој ќе се предвиди примената на технички и на организациски мерки за тајност и за заштита на личните податоци, како и дефинирање на роковите на чување на личните податоци собрани за целите од овој закон.

## 7. ИГРИ НА СРЕЌА

Потребно е дефинирање на рокови на чување на личните податоци за секоја евиденција одделно.

Потребно е вметнување член во законот со кој ќе се предвиди примената на технички и на организациски мерки за тајност и за заштита на личните податоци.

## 8. ЈАВНИ И ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ И ПРЕТПРИЈАТИЈА

Во Законот за енергетика, потребно е дефинирање на обврските на операторите за донесување правила за примена на технички и на организациски мерки за тајност и за заштита на личните податоци на корисниците.

Потребно е појаснување во одредбата која се однесува на обемот на лични податоци кои се собираат. Обемот е соодветен, освен во делот на поткрепување со доказ за лична идентификација. Ваквата формулација дозволува двојно толкување, па остава простор и за задржување фотокопии од лични документи, што не е во согласност со начелата на заштита на личните податоци.

Потребно е дефинирање на рокови на чување на личните податоци за секоја евиденција одделно.

Потребно е вметнување член со кој ќе се предвиди примената на технички и на организациски мерки за тајност и за заштита на личните податоци.

Што се однесува на Законот за државни службеници и на Законот за јавни службеници, освен што се предвидува регистар на службениците како збирка на лични податоци, ниту се дефинирани личните податоци што ќе се обработуваат во оваа збирка ниту, пак, на кој начин ќе се врши обработката. Исто така, не се предвидени рокови во кои ќе се чуваат податоците. Кај овие два закони треба да се изврши измена и дополнување по сите начела за заштита на личните податоци.

## 9. МЕДИУМИ

Материјата што ја уредува овој закон е специфична и од аспект на примена на начелата за заштита на личните податоци, не е можно прецизно дефинирање на сите податоци за лицата за кои се известува или лица кои се поврзани со нив. Сепак, потребно е да се дефинираат точни насоки за објавување лични податоци на лицата за кои се известува. Со тоа воедно би се поставиле и стандарди за правична обработка на личните податоци, кои би значеле и воспоставување технички и организациски мерки за заштита на личните податоци од медиумот. Согласноста на субјектот, исто така, треба да биде предвидена со овој закон.

## 10. БАНКАРСТВО

Потребна е измена на одредбата со која се предвидува: ако податоците се даваат на Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување на Република Македонија и на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, за потребите на вршење на работите од нивните надлежности и во согласност со прописите за заштита на личните податоци, само доколку банка склучи меморандум за соработка со овие институции, со кој се регулира начинот на достапност на податоците. Пред сè, спорен е самиот пристап како активност, а потоа и основата на која тоа се дозволува.

Предвиденото потпишување меморандуми за соработка со институциите за да може да добијат податоци е спорно бидејќи меморандумот ја нема правната сила да дозволи вакво нешто. Тој не е документ врз основа на кој оние најзасегнатите – граѓаните - може да остварат право или, пак, да се побунат. Ова ја става под знак прашалник сериозноста на банките, особено заради фактот што банкарската тајна повеќе не е тајна, туку со исклучок тајната се открива на институциите.

Што се однесува до регулирањето на платниот промет, во согласност со законот, платните инструменти и нивната содржина и форма, освен формата на платните инструменти содржани во медиумите за пренос, ги пропишува министерот за финансии. Со ваквата формулација, содржината на платните инструменти се остава да биде утврдена со правилник, што не е во согласност со начелата за заштита на личните податоци.

Практиката укажува дека за плаќања од физички лица, на платниот инструмент е содржан и ЕМБГ без да има законска основа.

## 11. СУДСТВО, ИЗВРШУВАЊЕ, ПАРНИЧНА ПОСТАПКА

Законот за парнична постапка содржи одредба со која се дефинира обемот на личните податоци. Обемот е соодветен, освен во делот на поткрепување со доказ за лична идентификација. Ваквата формулација дозволува двојно толкување, па остава простор и за задржување фотокопии од лични документи, што не е во согласност со начелата на заштита на личните податоци.

Кај овој закон, дополнително треба да се интервенира и во определувањето рокови за чување на личните податоци за секоја евиденција одделно и технички и организациски мерки за тајност и за заштита на личните податоци.

Обемот на лични податоци предвиден во Законот за извршување е соодветен на целта со забелешка дека не е точно прецизиран обемот на податоци за лицата за кои извршителот дава јавна објава. Често е вклучен и ЕМБГ во објавата, а за тоа нема законска основа.

Потребно е дефинирање на рокови за чување на личните податоци за секоја евиденција одделно, како и вметнување член со кој ќе се предвиди примената на технички и на организациски мерки за тајност и за заштита на личните податоци.

## 12. БЕЗБЕДНОСТ

Категориите на лични податоци што се обработуваат во евиденциите од Законот за безбедност на патиштата се дефинирани со други закони и со правилници на Министерството за внатрешни работи. Евиденцијата на снимки од видеонадзор на патиштата е една евиденција за која е задолжително потребно целосно регулирање на обемот на лични податоци.

Бидејќи видеонадзорот е материја што се регулира со Законот за заштита на личните податоци, потребно е усогласување со начелата на правично вршење на видеонадзор. Целта е јасна и оправдана, но потребно е прецизирање на личните податоци што ќе се собираат (фокусот на снимање на камерите), кој во полицијата ќе има пристап до снимените материјали, на кој начин тие ќе се испраќаат до возачот, односно до сопственикот на возилото. Исто така, законот треба да предвиди и посебни известувања за возачите за местата на кои има поставено систем за видеонадзор.

Потребно е прецизирање на роковите, освен кај снимките од видеонадзорот, за кои е предвидено дека ќе се чуваат во рок од шест месеци.

Законот не содржи член за заштита на личните податоци, па оттука потребно е да се вметне посебен дел за нивна заштита, односно за техничките и за организациските мерки кои ќе гарантираат тајност и заштита на податоците..

# ПОСТАПКИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ ЗЛОУПОТРЕБА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ И ПОВРЕДА НА ПРАВОТО НА ПРИВАТНОСТ

Што да направите доколку сметате дека Вашето право на приватност е повредено или Вашите лични податоци се повредени?

Првин, можете да поднесете барање до Дирекцијата за заштита на лични податоци (ДЗЛП) - **Барање за утврдување на повреда на правото на заштита на личните податоци.** Дирекцијата понатаму може да контактира со Вас заради постапување со барањето.

Доколку станува збор за компанија или институција каде Вашата приватност била нарушена или, пак, биле злоупотребени Вашите лични податоци, можете **бесплатно  и едноставно** да поднесете иницијатива за вршење инспекциски надзор до ДЗЛП, и тоа:

Го пополнувате образецот - **Иницијатива за вршење на инспекциски надзор**. Сè што треба да направите е да го опишете Вашиот проблем.

1. Во образецот првин наведете го називот, односно името и презимето на контролорот кој што Ви ги злоупотребил личните податоци или имате сознанија дека постапил спротивно на Законот за заштита на личните податоци.
2. Потоа, накратко опишете во што се состои повредата и наведете што досега имате направено и дали сте добиле одговор од контролорот за конкретниот случај.
3. Во прилог доставете копии од преписките помеѓу Вас и контролорот, како и други докази доколку ги имате. Доколку планирате да го доставите образецот електронски, доказите претходно скенирајте ги и прикачете ги (attachment).

Пополнетиот образец може да го доставите електронски на овој е-маил: **info@privacy.mk**

Доколку не сте во можност електронски да го пратите образецот, тогаш отпечатете го и доставете го во писарницата на Дирекцијата за заштита на личните податоци или по пошта, на адреса бул. Гоце Делчев, бр. 18, 1000 Скопје. (Дирекцијата за заштита на личните податоци е сместена во зградата на Македонска радио-телевизија).

**Колку долго трае постапката за инспекциски надзор?**

Рокот за постапување по иницијативата е утврден во Законот за заштита на личните податоци. Инспекторот доставува записник во рок од 30 дена од денот на завршување на инспекцискиот надзор до контролорот. Контролорот има право да достави забелешки по записникот во рок од три дена. По истекот на овие рокови, инспекторот донесува решение за отстранување на утврдените повреди до контролорот. Дирекцијата за заштита на личните податоци ќе го извести подносителот на иницијативата за резултатот од постапката.

# ПРИЛОЗИ

## Прилог 1:

## Анкетен лист за учесниците во интервјуата

1. Дали законот врз основа на кој работите предвидува собирање на лични податоци и во која форма (евиденција, регистар, база)

Закон (наведи) ___________________________________________________________

евиденција регистар база не предвидува

2. Дали е јасна целта за која е предвидено собирањето на личните податоци?

Да Не

3. Дали обемот на личните податоци што се собираат одговара на целта на нивото собирање?

Да Не

4. Кој првично ги собира податоците? (назив на компанија, институција)

___________________________________________________________

5. Дали некој друг субјект има право на пристап до овие податоци, односно дали ги давате на користење или обработка на некоја друга институција, компанија?

Да Не

6. Дали за некоја категорија на лични податоци е предвидена согласност од субјектот за нивна обработка? Ако да, за која ?

Категорија/категории: ___________________________________________________

Не е предвидена согласност

7. Дали во законот врз основа на кој Вие работите се предвидени јасни и конкретни рокови за чување на личните податоци?

Да Колку години или месеци? _____________

Не

8. Дали постои посебен член за заштита на личните податоци кој јасно укажува на примена на технички и на организациски мерки?

Да Не

9. Дали Вие имате донесено внатрешни акти за технички и за организациски мерки за тајност и за заштита на личните податоци?

Да Не

10. Дали обработката на податоците е предвидена во овој закон или треба да е поврзана и применета со друг закон?

Овој закон Друг закон

11. Дали постојат исклучоци за обработка на чувствителни лични податоци? (ЕМБГ, биометрија, видеонадзор)

    Да Пр.________________ Нема искл.

12. Дали ДЗЛП има дадено мислење во однос на законот и дали е тоа мислење земено предвид?

    Да, земено предвид Да, но не е земено предвид Не

## Прилог 2.
## Листа на анализираните закони по азбучен ред

Консолидирани верзии на сите анализирани закони, важечки во моментот на анализата, се достапни во делот „Библиотека“ на веб-страницата „Приватност“ **http://privatnost.mk/biblioteka-na-zakoni/.**

Закон за банките
Закон за безбедност и здравје при работа
Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата
Закон за високо образование
Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност
Закон за даночната постапка
Закон за домување
Закон за државните службеници
Закон за евиденциите од областа на здравството
Закон за евиденциите од областа на трудот
Закон за електронските комуникации
Закон за енергетика
Закон за задолжително капитално пензиско осигурување
Закон за задолжително осигурување во сообраќајот
Закон за заштита на правата на пациентите
Закон за здравствена заштита
Закон за здравствено осигурување
Закон за игрите на среќа и забавните игри
Закон за извршување
Закон за јавните службеници
Закон за катастар на недвижности
Закон за матичната евиденција
Закон за медиуми
Закон за образование на возрасни
Закон за основно образование
Закон за парничната постапка
Закон за педофилија
Закон за пензиското и инвалидското осигурување
Закон за платен промет
Закон за работните односи
Закон за социјалната заштита
Закон за спречување на перење пари и финансирање тероризам
Закон за средно образование
Закон за супервизија во осигурувањет
Закон за управување со движењето на предметите во судовите

# Користена литература


Council of Europe, Office of treaties, **http://conventions.coe.int/**

Electronic privacy international center (EPIC), **www.epic.org**

EPIC, (2004), Privacy & Human rights – An International survey of privacy laws and developments, United States of America

EPIC, (2006), Privacy & Human rights – An International survey of privacy laws and developments, United States of America

Privacy International, EPIC, CMCS, (2010), European privacy and human rights (EPHR) 2010, **http://goo.gl/xzHv80**

Академика, електронска збирка на важечки прописи, **https://www.akademika.com.mk/**

Дирекција за заштита на лични податоци, **www.dzlp.mk**

Европски дигитални права, **https://edri.org/theme/privacy/**

Европски надзорен орган за заштита на личните податоци, **edps.europa.eu**

Кениг, Николина, (2008),  Квалитативни методи на истражување, Филозофски факултет, Скопје

Коментар на Законот за заштита на лични податоци, (2010), Дирекција за заштита на лични податоци, Скопје

Мини-истражувањето за навиките на интернет кај децата, (2011), Фондација „Метаморфозис", Скопје, **http://goo.gl/jbA5rj**

Неувирт, Карел, (2007), Приватноста како основно човеково право, Фондација „Метаморфозис", Скопје, **http://goo.gl/dmfHsb**

Правдико, интернет-страница за образование од областа на правото, **www.pravdiko.mk**

Устав на Република Македонија, **http://www.sobranie.mk/ustav-na-rm.nspx**

МЕТАМОРФОЗИС